**20260841283**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

Врз основа на член 118 став (2) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24, 170/24 и 31/26), министерот за здравство, утврди

# ПРАВИЛНИК ЗА ПРОБНА РАБОТА И ЗА СТРУЧНИОТ ИСПИТ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ СО СРЕДНО, ВИШО И ВИСОКО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ОД ОБЛАСТА НА ФАРМАЦИЈАТА

## ОПШТА ОДРЕДБА

### Член 1

Со овој правилник се утврдуваат планот и пограмата за пробна работа на здравствените работници со средно, вишо и високо стручно образование од областа на фармацијата (во натамошниот текст - здравствени работници), образецот и начинот на водењето на книшка за пробна работа, составот на испитната комисија, начинот на полагањето на стручниот испит и образецот на уверението за положен стручен испит.

## ПЛАН ЗА ПРОБНА РАБОТА

### Член 2

Пробната работа на здравствените работници со средно образование од областа на фармацијата која трае шест месеци се изведува според следниот план:

Образовен профил – фармацевтски техничар, фармацевтски лабораториски техничар и фармацевтски техничар во фармацевтска индистрија, занимање фармацевтски техничар:

| | |
|---|---|
| - аптекарска пракса | 90 дена |
| - пракса во болничка аптека | 60 дена |
| - пракса во фармацевтска индустрија | 30 дена. |

### Член 3

Пробната работа на здравствените работници со вишо образование од областа на фармацијата која трае девет месеци се изведува според следниот план:

Образовен профил - виш фармацевтски техничар, занимање - виш фармацевтски техничар:

| | |
|---|---|
| - аптекарска пракса | 105 дена |
| - пракса во болничка аптека | 60 дена |
| - пракса во фармацевтска индустрија | 60 дена |
| - пракса во биохемиска лабораторија | 45 дена. |

### Член 4

Пробната работа на здравствените работници со високо стручно образование од областа на фармацијата која трае десет месеци се изведува според следниот план:

Образовен профил – дипломиран фармацевт со 180 ЕКТС – занимање - дипломиран фармацевт со 180 ЕКТС:
- аптекарска пракса 90 дена
- пракса во болничка аптека 90 дена
- пракса во фармацевтска индустрија 60 дена
- пракса во биохемиска лабораторија 60 дена.

Образовен профил – дипломиран диететичар/диетотерапевт, занимање – дипломиран диететичар/диетотерапевт со 180 ЕКТС:
- клиничка диететика и нутритивна терапија во јавни и приватни здравствени установи 120 дена
- примарна и јавно-здравствена нутритивна заштита во здравствени домови, Институт за јавно здравје/центри за јавно здравје 45 дена
- организирана исхрана и нутритивен надзор во детски градинки, училишта, домови за стари лица и здравствени установи со болничка дејност 45 дена
- прехранбена индустрија и безбедност на храна за HACCP, нутритивно означување, контрола на квалитет 45 дена
- нутритивно советување во спортски, фитнес и велнес центри за промоција на здрав начин на живот и превенција 45 дена.

## ПРОГРАМА ЗА ПРОБНА РАБОТА

### Член 5

(1) Пробната работа на здравствените работници со средно образование од областа на фармацијата која трае шест месеци се изведува според следниот план:

А) Аптекарска пракса

За време на пробната работа во аптека здравствениот работник од областа на фармација се запознава и обучува за:
- работни простории и организација на работата во аптеката,
- прием, складирање и чување на лекови и медицински средства, диететски производи, козметички производи, како и други производи за унапредување и зачувување на здравјето,
- изготвување на магистрални лекови освен оние кои содржат лековити супстанции со силно или многу силно дејство,
- издавање на лекови чиј режим на издавање е „без рецепт“,
- издавање на медицински средства, диететски производи, козметички производи, како и други производи за унапредување и зачувување на здравјето,
- проверка на обезбедување на сертификати, декларации и упатства за лековите и медицинските средства,
- дефектурирање на лекови и медицински средства,
- обработка и подготовка на рецепт за фактурирање,
- контрола на залихи и нарачување на лекови,
- други административни работи во аптеката.

Б) Пракса во болничка аптека

За време на пробната работа во болничка аптека здравствениот работник од областа на фармација се запознава и обучува за:
- Прием складирање и чување на лекови и медицински средства,
- Стерилни раствори и средства за дезинфекција,
- Издавање на лекови и медицински средства по основ на требовање од одделенија,
- Производство и поделба на инфузиони раствори,

- Компјутерска обработка на податоци.

В) Пракса во фармацевтска индустрија

За време на пробната работа во фармацевтска индустрија здравствениот работник од областа на фармација се запознава и обучува за:

- основните начела и примена на добра производна пракса (GMP) и добра лабораториска пракса (GLP), во согласност со обемот и видот на производството;
- учество во процесите на подготовка и производство на различни фармацевтски производи (пр. течни, полуцврсти и цврсти фармацевтски форми), во согласност со технолошките можности на производниот капацитет;
- основни постапки поврзани со асептични услови на работа и/или стерилизација, кога истите се применуваат во рамки на производниот процес;
- избор, подготовка и ракување со примарна и секундарна амбалажа, како и постапки за правилно означување, чување и складирање на фармацевтските производи;
- основни активности поврзани со контрола на квалитет, вклучително и земање примероци, евиденција и следење на рокови на употреба, согласно важечките прописи и интерни процедури.

(2) Пробната работа на здравствените работници со вишо образование од областа на фармацијата која трае девет месеци се изведува според следната програма:

А) Аптекарска пракса

За време на пробната работа во аптека здравствениот работник од областа на фармација се запознава и обучува за:

- работни простории и организација на работата во аптеката,
- прием, складирање и чување на лекови и медицински средства, диететски производи, козметички производи, како и други производи за унапредување и зачувување на здравјето,
- издавање на лекови чиј режим на издавање е „без рецепт“,
- изготвување на магистрални лекови освен оние кои содржат лековити супстанции со силно или многу силно дејство,
- издавање на медицински средства, диететски производи, козметички производи, како и други производи за унапредување и зачувување на здравјето,
- проверка на обезбедување на сертификати, декларации и упатства за лековите и медицинските средства,
- дефектурирање на лекови и медицински средства,
- обработка и подготовка на рецепт за фактурирање,
- контрола на залихи и нарачување на лекови,
- други административни работи во аптеката.

Б) Пракса во болничка аптека

За време на пробната работа во болничка аптека здравствениот работник од областа на фармација се запознава и обучува за:

- Прием складирање и чување на лекови и медицински средства,
- Стерилни раствори и средства за дезинфекција,
- Издавање на лекови и медицински средства по основ на требовање од одделенија,
- Производство и поделба на инфузиони раствори,
- Компјутерска обработка на податоци.

В) Пракса во фармаевтска индустрија

За време на пробната работа во фармацевтска индустрија здравствениот работник од областа на фармација се запознава и обучува за:

- основните начела и примена на добра производна пракса (GMP) и добра лабораториска пракса (GLP), во согласност со обемот и видот на производството;

- учество во процесите на подготовка и производство на различни фармацевтски производи (пр. течни, полуцврсти и цврсти фармацевтски форми), во согласност со технолошките можности на производниот капацитет;

- основни постапки поврзани со асептични услови на работа и/или стерилизација, кога истите се применуваат во рамки на производниот процес;

- избор, подготовка и ракување со примарна и секундарна амбалажа, како и постапки за правилно означување, чување и складирање на фармацевтските производи;

- основни активности поврзани со контрола на квалитет, вклучително и земање примероци, евиденција и следење на рокови на употреба, согласно важечките прописи и интерни процедури.

Г) Пракса во биохемиска лабораторија

За време на пробната работа во биохемиска лабораторија здравствениот работник од областа на фармација се запознава и обучува за:

- земање, прием и тријажа на биолошки материјал,

- примена на стандардизирани постапки за примероци, ракување и чување на биолошки материјал,

- запознавање и оспособување за самостојна работа со апаратите во биохемиската лабораторија,

- изведување на стандардни биохемиски анализи,

- хемиски и микроскопски преглед на биолошки материјал.

(3) Пробната работа на здравствените работници со високо стручно образование од областа на фармацијата за дипломиран фармацевт со 180 ЕКТС – занимање - дипломиран фармацевт со 180 ЕКТС, која трае десет месеци се изведува според следната програма:

А) Аптекарска пракса

За време на пробната работа во аптека здравствениот работник од областа на фармација се запознава и обучува за:

- работни простории и организација на работата во аптеката,

- прием, складирање и чување на лекови и медицински средства, диететски производи, козметички производи, како и други производи за унапредување и зачувување на здравјето,

- издавање на лекови чиј режим на издавање е „без рецепт“,

- изготвување на магистрални лекови освен оние кои содржат лековити супстанции со силно или многу силно дејство,

- издавање на медицински средства, диететски производи, козметички производи, како и други производи за унапредување и зачувување на здравјето,

- проверка на обезбедување на сертификати, декларации и упатства за лековите и медицинските средства,

- дефектурирање на лекови и медицински средства,

- обработка и подготовка на рецепт за фактурирање,

- контрола на залихи и нарачување на лекови,

- запознавање со магистрално и галенско работење,

- други административни работи во аптеката.

Б) Пракса во болничка аптека

За време на пробната работа во болничка аптека здравствениот работник од областа на фармација се запознава и обучува за:

- Работни простории и организација на работата во болничката аптека,

- Фармакотераписки групи на лекови кои најчесто или исклучиво се применуваат во болничко лекување,

- Изработка на магистрални и галенски лекови кои не содржат супстанции со силно или многу силно дејство според прописите на фармакопеја,
- Прием складирање и чување на лекови и медицински средства,
- Стерилни раствори и средства за дезинфекција,
- Издавање на лекови и медицински средства по основ на требовање од одделенија,
- Производство и поделба на инфузиони раствори,
- Водење на пропишани евиденции, лабораториски дневник и сл.,
- Компјутерска обработка на податоци.

В) Пракса во фармаевтска индустрија

За време на пробната работа во фармацевтска индустрија здравствениот работник од областа на фармација се запознава и обучува за:

- основните начела и примена на добра производна пракса (GMP) и добра лабораториска пракса (GLP), во согласност со обемот и видот на производството;
- учество во процесите на подготовка и производство на различни фармацевтски производи (пр. течни, полуцврсти и цврсти фармацевтски форми), во согласност со технолошките можности на производниот капацитет;
- основни постапки поврзани со асептични услови на работа и/или стерилизација, кога истите се применуваат во рамки на производниот процес;
- избор, подготовка и ракување со примарна и секундарна амбалажа, како и постапки за правилно означување, чување и складирање на фармацевтските производи;
- основни активности поврзани со контрола на квалитет, вклучително и земање примероци, евиденција и следење на рокови на употреба, согласно важечките прописи и интерни процедури.

Г) Пракса во биохемиска лабораторија

За време на пробната работа во биохемиска лабораторија здравствениот работник од областа на фармација се запознава и обучува за:

- земање, прием и тријажа на биолошки материјал,
- примена на стандардизирани постапки за примероци, ракување и чување на биолошки материјал,
- запознавање и оспособување за самостојна работа со апаратите во биохемиската лабораторија,
- изведување на стандардни биохемиски анализи,
- хемиски и микроскопски преглед на биолошки материјал.

(4) Пробната работа на здравствените работници со високо стручно образование од областа на фармацијата за образовен профил – дипломиран диететичар/диетотерапевт, занимање – дипломиран диететичар/диетотерапевт со 180 ЕКТС, која трае десет месеци се изведува според следната програма:

А) Клиничка диететика и диетотерапија

За време на пробната работа во здравствена установа здравствениот работник диететичар/диетотерапевт се запознава и обучува за:

- учество во планирање и спроведување на нутритивна поддршка кај пациенти, во согласност со медицинската документација и под стручен надзор;
- проценка на нутритивниот статус на пациентите со примена на диететски, антропометриски, биохемиски, клинички и функционални методи;
- анализирање на нутритивните проблеми кај пациентите и воспоставување на нутритивна дијагноза;
- подготовка на диететски режими според утврдената нутритивна и здравствена состојба и диететско советување на пациентите;

- следење на исходот од спроведените нутритивни интервенции и проценка на исходот во соработка со медицинскиот тим;

- водење на нутритивна документација и евиденција.

Б) римарна и јавно-здравствена нутритивна заштита

За време на пробната работа во здравствена установа здравствениот работник диететичар/диетотерапевт се запознава и обучува за:

- активности како советување и изработка на едукативни материјали (практични водичи) за правилна исхрана со цел унапредување на здравјето и превенција од заболувања;

- креирање и имплементирање на нутритивни интервенции наменети за здрава популација и ризични групи и евалуирање на нивната ефикасност заради примена на добиените податоци во развој на идни нутритивни програми;

- учество во јавно-здравствени програми и кампањи поврзани со исхрана;

- собирање и обработка на податоци релевантни за нутритивниот статус на населението со цел идентификација на општи проблеми во исхраната, фактори на ризик и достапност до безбедна храна.

В) Организирана исхрана и нутритивен надзор

За време на пробната работа во установи за организирана исхрана, диететичарот/диетотерапевтот се запознава и обучува за:

- планирање и подготовка на режими на исхрана согласно диететските водичи за рационална и балансирана исхрана;

- дизајнирање на оброци со прилагодување на нутритивните и енергетските потреби;

- следење на квалитетот и безбедноста на храната во установите (градинки, училишта, работни организации);

- контрола на квалитетот на храната и организирање на правилна подготовка, складирање и дистрибуција на храна;

- примена на стандардни хигиенско-санитарни процедури.

Г) Прехранбена индустрија и безбедност на храна

За време на пробната работа во правни субјекти од прехранбената индустрија и во надлежни институции од областа на безбедноста на храната, диететичарот/диетотерапевтот се запознава и обучува за:

- основни принципи на безбедност и квалитет на храна;

- развој, примена и следење на хигиенски и безбедносни протоколи при ракување со храна (НАССР систем);

- примена на регулаторните критериуми при пакување на храна, во нутритивно означување и декларации на производи (информации за нутриентите, означување на алергени состојки, нутритивни и здравствени тврдења);

- основни постапки за контрола на суровини и готови производи

Д) Нутритивно советување во спортски, фитнес и велнес центри

За време на пробната работа во правни субјекти од областа на спорт, рекреација и велнес, диететичарот/диетотерапевтот се запознава и обучува за:

- оптимизирање на перформансите за физички активни лица преку давање совети за специјализирани нутритивни стратегии;

- развој и спроведување на специфични протоколи за хидрирање зависно од индивидуалните потреби и условите на средината за да се избегне дехидрираност и електролитен дисбаланс;

- планирање на исхрана за поддршка на здравје и физичка активност, без терапевтски интервенции;

- едукација за здрави животни навики и балансирана исхрана;
- советување за користење на специфични нутриенти за превенција од повреди и опоравување по интензивни физички напори;
- едукација за квалитет, ефикасност на диететски суплементи и нивно легално и безбедно користење.

(5) Пробната работа се спроведува во здравствена установа или во други правни лица во кои се врши соодветна дејност, кои ги исполнуваат следните услови:

- да врши здравствена дејност или одделни здравствени дејности согласно програмата за пробна работа утврдена со овој правилник,
- има вработено стручен кадар од областа на фармацијата со најмалку ист степен на стручна подготовка како здравствениот работник од областа на фармацијата кој е на пробна работа,
- има соодветен простор и опрема за спроведување на програмата за пробна работа утврдена со овој правилник.

## ОБРАЗЕЦ И НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА КНИШКА ЗА ПРОБНА РАБОТА

### Член 6

(1) Пробната работа која здравствените работници од обласа на фармацијата ја вршат според планот утврден во член 2, 3 и 4 на овој правилник се запишува во книшка за пробна работа на образец број 1 кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Книшката за пробна работа на здравствените работници со завршено средно, вишо и високо стручно образование од областа на фармацијата е со правоаголна форма во големина од 15 x 20 см., со корици изработени од тврда бела хартија и содржи 20 страници.

(3) На првата надворешна страница во средината на горниот дел стои грбот на Република Северна Македонија, под него текст: “Република Северна Македонија“, а под него со големи букви “Книшка за пробна работа на здравствен работник со завршено средно, вишо и високо стручно образование“.

(4) На втората внатрешна страна од корицата е одбележано место за фотографија од 4,5 см. x 6 см., а под него место за своерачен потпис на здравствениот работник.

(5) На горниот дел од првата страница од книшката во редови стои место за податоци за здравствениот работник: име, име на родител, презиме, датум на раѓање, место, општина и држава, завршено образование со датум и место на завршување, број на свидетелство односно диплома, датум на започнувањето на пробната работа, здравствена установа во која започнува да се врши пробната работа, а под него од десната страна место за округол печат на здравствената установа со потпис на заверувачот – едукаторот за спроведување на пробна работа (во натамошниот текст: едукаторот).

(6) На долниот дел од првата страница од книшката во редови стои празно место за податоци за: датумот на завршувањето на пробната работа, здравствената установа во која е завршена пробната работа, како и место за округол печат и потпис на заверувачот - едукаторот.

(7) На втората страница по ширина се исцртани пет графи поделени во два дела. Во потесниот дел од првата графа стои текст: “Здравствена установа“, под него во втората графа стои текст: “Гранка на медицината, стоматологијата, фармацијата, односно област од здравствената заштита или друга област“, под него во третата графа стои текст: “Пробната работа ја поминал/а од ______ до ________“, под него во четвртата графа стои текст: “Опис за стекнатите практични знаења на здравствениот работник“ и под него во петтата графа место за округол печат на здравствената установа со потпис и факсимил на заверувачот-едукаторот.

(8) Наредните страници до 20-тата се печатат со иста содржина како и втората страна опишана во став 7 од овој член.

(9) Претпоследната внатрешна страна и последната надворешна страна од корицата се празни.

Член 7

(1) Здравствената установа во која се спроведува пробната работа (во натамошниот текст: здравствена установа) врши распоред на здравствените работници, за нив води посебна евиденција и обезбедува услови за изведување на практичната обука од пробната работа.

(2) Пробната работа се врши под непосреден надзор на овластен здравствен работник едукатор определен од надлежен орган на здравствената установа од редот на вработените, со најмалку ист степен на стручна подготовка, како и најмалку пет години работно искуство во областа во која се оспособува здравствениот работник.

(3) Едукаторот од став (2) од овој член се грижи за реализација на задачите предвидени со програмата од член 5 на овој правилник.

(4) Здравствениот работник пред отпочнувањето на вршење на пробна работа поднесува книшка за пробна работа заедно со заверен препис или заверено фотокопие на свидетелство, уверение или диплома за завршено средно, вишо или високо стручно образование.

(5) Во книшката за пробна работа едукаторот ги внесува податоците за здравствениот работник и ја заверува со свој потпис и со печат на здравствената установа.

Член 8

При спроведувањето на секој дел од планот на пробната работа во соодветната организациона единица од здравствената установа едукаторот определен од одговорниот здравствен работник на таа единица го запишува отпочнувањето на пробната работа според планот и програмата во пробната работа, а го заверува со својот потпис и факсимил и со печат на здравствената установа при завршувањето на соодветниот дел од стажот.

Член 9

(1) Пробната работа по правило се врши без прекин.

(2) Во случај на отсуство поради болест и повреда, спреченост од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, како и повик од надлежен орган, вршењето на пробната работа се прекинува и продолжува по завршувањето на причината за отсуство.

Член 10

(1) Во книшката за пробна работа се запишува датумот на почнувањето и завршувањето на пробната работа по делови што ги заверува здравствената установа во која здравствениот работник ја завршил пробната работа .

(2) Во делот од книшката за пробна работа предвиден за запишување на податоците за практичната обука на здравствениот работник, здравствената установа внесува податоци за името и седиштето на установата, организационите единици и времетраењето на практичната обука.

(3) Во делот предвиден за опис на практичната обука, едукаторот внесува податоци за работите кои здравствениот работник ги запознал преку обуката според програмата, по истекот на времето предвидено за практичната обука запишува опис за стекнатите практични знаења и го заверува со свој потпис и факсимил и со печат на здравствената установа.

## СОСТАВ НА ИСПИТНАТА КОМИСИЈА

Член 11

(1) Испитната комисија образувана во јавната здравствена установа, пред која здравствените работници полагаат стручен испит, брои три члена од кои: претседателот е здравствени работник со високо образование од областа на фармацијата, еден од членовите е дипломиран правник со најмалку десет години работно искуство во областа на здравствената заштита и здравственото осигурување, додека другиот член е здравствен работник со завршено средно, вишо или високо стручно образование од областа на фармацијата, кој нема понизок степен на образование од здравствениот работник кој полага стручен испит.

(2) Претседателот и членовите на испитната комисија од став (1) од овој член имаат заменици кои ги исполнуваат истите услови како и членовите на комисијата.

(3) Стручните и административно техничките работи на Комисијата ги води лице – дипломиран правник со најмалку три години работно искуство во областа на здравствената заштита и здравственото осигурување.

## НАЧИН НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ

Член 12

(1) Здравствениот работник кој ја завршил пробната работа доставува пријава за полагање на стручниот испит до јавната здравствена установа во која е образувана испитна комисија од член 11 на овој правилник.

(2) Кон пријавата од став (1) од овој член здравствениот работник приложува заверен препис или заверена фотокопија од свидетелство, уверение или диплома од завршниот испит и книшка за пробна работа пополнета и заверена согласно одредбите на овој правилник.

Член 13

(1) Јавната здравствена установа во која е образувана комисија за полагање на стручниот испит го одобрува полагањето на стручниот испит ако утврди дека здравствениот работник ја завршил пробна работа според пропишаниот план и програма.

(2) Известувањето за одобрување за полагање на стручниот испит и времето на полагање се доставува до здравствениот работник.

(3) Здравствениот работник на кој му е одобрено полагање на стручниот испит се известува за денот на полагањето најдоцна 15 дена пред денот определен за полагање на стручниот испит.

Член 14

(1) Здравствениот работник стручниот испит го полага во времето определено за полагање.

(2) На барање на здравствениот работник, од причините утврдени во член 9 став (2) на овој правилник, полагањето на стручниот испит може да се одложи.

Член 15

(1) На стручниот испит здравствениот работник се испрашува теоретски од пропишаната програма предвидена за вршење на пробна работа.

(2) За текот на стручниот испит се води записник што содржи податоци за: името, име на родителот и презимето на здравствениот работник, датумот и местото на раѓање, неговото образование и занимање, денот на полагањето на испитот, испитните прашања, заклучокот на испитната комисија, место за потпис на записничарот, претседателот и членовите на испитната комисија, на образец број 2 кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 16

(1) По завршениот стручен испит комисијата го оценува целокупниот успех на здравствениот работник.

(2) Оценката за стручниот испит на здравствениот работник испитната комисија ја усвојува со мнозинство на гласови од членовите на комисијата.

(3) Стручниот испит се оценува со: "положи" или „не положи".

(4) По завршувањето на стручниот испит претседателот во присуство на сите членови од комисијата го известува здравствениот работник за резултатот од полагањето на стручниот испит.

Член 17

Здравствениот работник кој не го положил стручниот испит може повторно да го полага во рок кој не може да биде покус од два месеца.

Член 18

(1) На здравствениот работник кој го положил стручниот испит му се издава уверение за положен стручен испит на образец број 3 кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Уверението од став (1) од овој член има правоаголна форма во големина од 21 x 30 см., изработено од тврда хартија во бела боја и има една страна, во чиј горен лев агол има место за штембил на јавната  здравствена установа.

(3) Под него низ целата ширина на уверението стои текст кој го содржи основот за издавање на уверението.

(4) Во средина на уверението со големи букви стои: "у в е р е н и е", под него место за податоци за здравствениот работник: име и презиме, датум, место, општина и држава на раѓање, видот на образованието и неговото занимање, датум на полагањето на стручниот испит, јавната здравствена установа во која се полага испитот, под него место за: името, име на родителот и презимето на здравствениот работник и текстот: "го положи стручниот испит и е способен самостојно да укажува здравствена заштита", а под него десно место за потпис на претседателот на комисијата и округол печат на здравствената установа.

(5) Уверението од став (1) од овој член го издава јавната здравствена установа во која е образувана испитната комисија, а го потпишува претседателот на испитната комисија.

(6) Уверението се издава во три примероци од кои еден примерок се врачува на здравствениот работник, еден примерок останува во архивата на здравствената установа и третиот примерок се комплетира со досието на здравствениот работник во здравствената установа.

(7) Јавната здравствена установа води евиденција за издадените уверенија за положени стручни испити.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 19

Здравствените работници со средно, више и високо стручно образование од областа на фармација кои ја започнале пробната работа пред влегување во сила на овој правилник, пробната работа и стручниот испит ќе го спроведат и полагаат согласно Правилникот за приправничкиот стаж и за стручниот испит на здравствените работници со средно, више и високо стручно образование во траење од три години ("Службен весник на Република Македонија" бр. 65/04, 80/07 и 128/07), пред испитните комисии образувани во јавните здравствени установи, согласно овој правилник.

Член 20

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат одредбите од Правилникот за приправничкиот стаж и за стручниот испит на здравствените работници со средно, више и високо стручно образование во траење од три години ("Службен весник на Република Македонија" бр. 65/04, 80/07 и 128/07), што се однесуваат на здравствените работници со средно, више и високо стручно образование од областа на фармацијата.

Член 21

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото донесување и ќе се објави на веб-страницата на Министерството за здравство и во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 22-4934/1
20 април 2026 година
Скопје

Министер за здравство,
**Азир Алиу,** с.р.

Образец бр.1

Република Северна Македонија

КНИШКА ЗА ПРОБНА РАБОТА НА ЗДРАВСТВЕН РАБОТНИК СО ЗАВРШЕНО СРЕДНО, ВИШО И ВИСОКО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

КОРИЦА

4,5 см. x 6 см.

(фотографија)

_______________________________

(своерачен потпис)

ВНАТРЕШНА СТРАНА НА КОРИЦАТА

Име ___________________________________________________________________

Име на родител ____________________________________________________________

Презиме ___________________________________________________________________

Датум на раѓање ____________________________________________________________

Место и општина ____________________________________________________________

Држава ___________________________________________________________________

Завршил средно, вишо или високо стручно образование

______________________________________________________________________________

Во _________________________________ на ден _________________________________

Број на сведителство/диплома _________________________________

Датум на започнување на пробната работа _________________________________

______________________________________________________________________________

(здравствена установа во која започнува да се врши пробната работа)

(МП)

Заверува:

_________________________________

Едукатор

Датум на завршување на пробната работа _____________________________________________

______________________________________________________________________________

(здравствена установа во која е завршена пробната работа)

(МП)

Заверува:

_________________________________

Едукатор

Страна 1

| Здравствена установа | Гранка на медицината, стоматологијата, односно фармацијата, односно област од здравствената заштита или друга област | Пробната работа ја поминал од | До | Опис на стекнатите практични знаења на здравствениот работник | Потис и факсимил на Едукаторот и печат на здравствената установа |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

Страна 2 – 20

Образец број 2

ЗАПИСНИК
На испитната комисија за полагање на стручниот испит на здравствените работници
_______________________________________________________________,
формирана со решение на _______________________________ бр.
_______________________________ од _______________________________.

Испитот го полага ______________________________________________________________
(име, име на родител и презиме)
Роден-а _______________________________, во _______________________________

Завршено средно, више, високо стручно образование _______________________________

Занимање _______________________________

Усниот испит го полага на _______________________________ година.

На стручниот исит се поставени следните теоретски прашања и прашања за проверка на стручната оспособеност за практична работа на кандидатот:

___________________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________________

По завршеното испитување испитната комисија го донесува следниот ЗАКЛУЧОК:
1. Кандидатот го положи испитот.
2. Кандидатот не го положи испитот.

Записничар,
_______________________________

Претседател на испитната комисија,
_______________________________

Членови на комисијата:

1. _______________________________

2. _______________________________

Образец бр. 3

Република Северна Македонија
Јавна здравствена установа
_______________________________
Бр. _______________________________
_______________________________ г.
_______________________________

Јавната здравствена установа _________________________________________________________________ врз основа на член 18 став 1 од Правилникот за пробна работа и за стручниот испит на здравствените работници со средно, вишо и високо стручно образование од областа на фармацијата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. _______________________________), го издава следното

УВЕРЕНИЕ

_______________________________, здравствен работник _______________________________, роден-а на _______________________________, во _______________________________ општина _______________________________, држава _______________________________,
Со завршено средно/вишо/високо стручно образование _______________________________
_______________________________
По занимање _______________________________
Полагаше на _______________________________г. стручен испит пред испитната комисија
_________________________________________________________________
(јавна здравствена установа во која се полага стручниот испит).

Според оценката на испитната комисија _______________________________________
(име, име на родител и презиме)
го положи стручниот испит и е способен самостојно да укажува здравствена заштита.

Претседател на испитната комисија,
_______________________________

МП